Архивски број: 08-438/2
Дата: 21-07-2023

По претставката бр. 08 – 438/1 од 19.07.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје со живеалиште на [redacted] против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 21.07.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 438/1 од 19.07.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] **заради ненадлежност**.

**Образложение**

На 19.07.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 438/1, поднесена од [redacted] против [redacted].

Во претставката подносителот наведува дека ниту нему како жител на реон 36 – Кисела Вода, ниту на останатите жители од реонот не им се доставува пошта. За таа цел подносителот остварил средба со директорот на [redacted] Од него бил информиран дека надлежниот поштар за тој реон бил дисциплински казнуван, но тоа не влијаело на исходот. Подносителот разговарал и со поштарот, но тој тврдел дека нема пошта. Подносителот наведува дека поштата од изминатите 2 – 3 години воопшто не ја добил, а според него истата била фрлана во отпад. Во претставката се наведува дека тоа се должи на недостиг од кадар во [redacted] и ниски плати на вработените. Поради тоа подносителот се чувствува дискриминиран.

По разгледувањето на претставката, Ве информираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата нема надлежност да ја оценува работата на [redacted] на Северна Македонија, ниту квалитетот на услугите кои таа ги испорачува, кога истите не се поврзани со било кој од видовите на дискриминација. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација би постапувала во случај кога поштенските услуги не се обезбедуваат на еднаква основа поради заштитна карактеристика на примателот на услугата, односно дискриминаторска основа.

Од друга страна, согласно одредбите од Законот за поштенските услуги, Агенцијата за пошти е надлежна за:

- обезбедување на услови за пристап на корисниците до универзалната услуга;

- овозможување и обезбедување услови за подеднаков пристап до поштенската мрежа;

- го следи обезбедувањето на универзалната услуга;

- го следи работењето на давателите на поштенските услуги во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на него;

- врши надзор и контрола на работењето на давателите на поштенските услуги и презема мерки согласно со закон против давателите на поштенските услуги кои не ги спроведуваат одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

- води постапки за решавање на спор меѓу давателите на поштенски услуги и нивните корисници, меѓу давател на универзална услуга и другите даватели на поштенски услуги.

Врз основа на овие законски надлежности, подносителот на претставката може да се обрати до надлежниот орган – [redacted]

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
21.07.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]